АЦВ бр. 12-1944/1
дата: 10.12.2018 г.
Верзија 1

Република Македонија

**Агенција за цивилно воздухопловство**

Сектор за безбедност на аеродроми, потрага и спасување

Одделение за аеродроми и аеродромски услуги

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Република Македонија

# Упатство за издавање и дистрибуција на **NOTAM** известувања

| | | |
|---|---|---|
| Изработил: | Билјана Јованова<br>*воздухопловен инспектор* | Biljana Jovanova — Digitally signed by Biljana Jovanova DN: o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo Skopje, c=MK, email=bijovanova@caa.gov.mk, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova Date: 2018.11.30 08:50:07 +01'00' |
| Одобрил: | Душан Попчевалиев<br>*раководител на одделение* | DUSHAN POPCHEVALIEV — Digitally signed by DUSHAN POPCHEVALIEV Date: 2018.11.30 14:40:16 +01'00' |
| Согласен: | Горан Јандреоски<br>*директор* | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО СКОПЈЕ

**Референтни документи:**

- ICAO - Annex 15
- ICAO - Doc.8126
- EUROCONTROL „Operating Procedures for AIS Dynamic Data - OPADD
- Закон за воздухопловство
- Правилник 5.3 - Правилник за начинот на користење, одржување и контролирање на површините за маневрирање, платформите, објектите, инсталациите, уредите и опремата на аеродромот

**Надлежен орган:**

- Агенција за цивилно воздухопловство

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Даме Груев, бр.1<br>1000 Скопје |
| тел.: | *++ 389 2 3114 – 046* |
| факс: | *++ 389 2 3115 – 708* |
| е – пошта: | *info@caa.gov.mk* |
| веб страна: | ***www.caa.mk*** |
| ЕМБС: | 6648649 |

- Сектор за безбедност на аеродроми, потрага и спасување
  тел: *++ 389 2 3114 – 659*
  - Одделение за аеродроми и аеродромски услуги
    тел: *++ 389 2 3114 – 609*
    - *Советник – Инспектор за аеродроми, леталишта и терени*

# ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ

| *амандман број* | *дата* | *приложил* | *дата* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Користени кратенки и термини:**

**АЦВ** - Агенција за цивилно воздухопловство

**ICAO** - International Civil Aviation Organization (Меѓународна организација за цивилно воздухопловство)

**AIP** - Зборник на воздухопловни информации (публикација која содржи воздухопловни информации од траен карактер, есенцијални за воздушниот сообраќај, а која е изготвена од давателот на услугата на воздухопловната навигација (М-НАВ) и е одобрена од АЦВ)

**AIS** - служба за воздухопловни информации во М-НАВ

**NOTAM** - известување за важни информации за безбедноста на воздушниот сообраќај

**Оператор на аеродром -** физичко или правно лице кое е сопственик или корисник на инфраструктура на аеродром, односно леталиште. Операторот на аеродром за некои активности може да склучи договор со други субјекти, но тој останува одговорен за безбедното работење на аеродромот;

## Содржина

**1.0 ВОВЕД** ______ стр.5

1.1 Цел

1.2 Општо

1.3 Водечки меѓународни стандарди и препорачани практики

**2.0 Видови на промени и известувања** ______ стр.5

**3.0 Објавување на промени во AIP и NOTAM известувања** ______ стр.6

**4.0 Промени кои бараат издавање на NOTAM** ______ стр.7

**5.0 Формат на издавање на NOTAM** ______ стр.8

**6.0 Имиња и улоги на персоналот кој е одговорен за известување за промените, нивни телефонски броеви за време и надвор од работното време на аеродромот** ______ стр.8

**7.0 Адреси и телефонски броеви обезбедени од АЦВ на местото каде промените треба да бидат доставени** ______ стр.8

Прилог 1 – **NOTAM** образец ______ стр.9

Прилог 2 – **SNOWTAM** образец ______ стр.10

Прилог 3 – **ASHTAM** образец ______ стр.11

# 1.0 ВОВЕД

## 1.1 Цел

Целта на овој документ е да им даде насоки на операторите на аеродроми во Република Македонија за начинот на издавање и дистрибуција на NOTAM известувања, односно информации важни за безбедноста на воздушниот сообраќај.

## 1.2 Општо

NOTAM е известување кое содржи важни информации кои би можеле да влијаат врз безбедноста на воздушниот сообраќај или информации кои пилотот ги бара за безбедно извршување на операциите.

NOTAM се издава за краткотрајни промени или кога нема доволно време да се објават промени во Зборникот на воздухопловни информации AIP.

NOTAM може да се издаде најмногу до 90 дена. Доколку промената или состојбата бара период подолг од 90 дена, потребно е да се направи измена/дополнување во Зборникот на воздухопловни информации AIP.

## 1.3 Водечки меѓународни стандарди и препорачани практики

Во Annex 15 на ICAO, NOTAM-от е дефиниран како известување кое содржи информации за воспоставување, состојба или измена на воздухопловен уред, услуга, процедура или опасност, а чие навремено доставување до воздухопловниот персонал е од суштинско значење.

Во поглавје 5, Annex 15 на ICAO, се дадени општите стандарди и препораки (SARPS) што треба да се применуваат од страна на службата за воздухопловни информации AIS, додека во поглавје 6 од „AIS Manual“ (ICAO Doc.8126) надополнето со документот на EUROCONTROL „Operating Procedures for AIS Dynamic Data - OPADD, се дадени детали за методите за креирање и објавување на NOTAM.

NOTAM се објавува согласно процедурите дадени во ICAO Annex 15 / Doc.8126.

# 2.0 ВИДОВИ ПРОМЕНИ И ИЗВЕСТУВАЊА

- Привремени промени

Привремените промени во објавените податоци или предупредувањата за условите или опасностите обично бараат итно да се издаде NOTAM.

- Постојани промени

За постојани промени, до службата за воздухопловни информации AIS барање за дополнување на Зборникот на воздухопловни информации AIP поднесува операторот на аеродром, за известувањата за промените да може да се објават во AIP и дистрибуираат до корисниците.

Пресметковниот датум за измена е најмалку 8 недели пред датумот на влегување во сила на амандманот. Тоа е меѓународно барање дека амандманите се доставуваат до корисниците најмалку 4 недели пред датумот на стапување во сила, за да му се овозможи на

корисникот да има доволно време за да го процени влијанието на промените врз своето работење.

Ако барање за објавување на трајна промена е добиено по назначениот датум, на операторот кој бара промена, ќе треба да се побара издавање на NOTAM за покривање на периодот до објавување на промената во Зборникот на воздухопловни информации AIP.

Ако ви е потребна помош, контактирајте со AIS пред поднесување на барање.

## 3.0 ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО AIP И NOTAM ИЗВЕСТУВАЊА

Службата за воздухопловни информации AIS - е деловна единица на Давателот на услуги од воздухопловна навигација АД М-НАВ која работи според прифатените ICAO и EASA стандарди и е одговорна за објавување и дистрибуција на Зборникот на воздухопловни информации за Македонија (AIP Македонија) во договор со Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ). Зборникот на воздухопловни информации AIP постои како целосен документ во печатена и електронска форма, достапен на Интернет страната на www.mnavigation.mk

Корисниците на воздухопловните информации се базираат на податоците објавени во Зборникот на воздухопловни информации (AIP) кои се доставуваат благовремено со што се овозможува соодветно ажурирање на „Flight Deck“ документацијата и документацијата на системите на „Flight Management“.

Секоја промена на аеродромот или воздушниот простор над аеродромот, која може да влијае врз безбедноста на воздушниот сообраќај и за која е потребно преземање на корективни мерки, а кои не можат да се преземат веднаш, потребно е да се извести службата за воздухопловни информации - AIS преку приготвениот образец за издавање на NOTAM. Одобрениот NOTAM се објавува согласно процедурите дадени во Annex 15 на ICAO / Doc.8126.

Одделението за воздухопловни информации - AIS одлучува за начинот и методата на објавување на информацијата (преку NOTAM, AIP supplement, AIP Amendment). По ова, М-НАВ веднаш ќе ја објави содржината на издадениот NOTAM преку соодветните начини на известување (радио врска или телефакс порака) до сите воздухоплови кои се на релација до аеродромот и кои можат да бидат доведени во опасност од настанатите состојби.

Барање за измена на објавените податоци и издавање на NOTAM ќе биде прифатено само од оператор на аеродром, односно од лице назначено од операторот кое е овластено да ја извести службата за воздухопловни информации AIS за се што треба да биде објавено или изменето во Зборникот на воздухопловни информации AIP, како и итно известување за промена, опасност или состојба на аеродромот, односно да побара издавање на NOTAM.

Овластеното лице мора да биде запознаено со содржината на Зборникот на воздухопловни информации AIP каде што се објавени податоците за аеродромот и мора да има пристап до валидните копии.

Службата за воздухопловни информации AIS на барање може да обезбеди копии од актуелните информации, како и копии од сите побарани NOTAMи и да ги достави по факс или е-пошта.

## 4.0 ПРОМЕНИ КОИ БАРААТ ИЗДАВАЊЕ НА NOTAM

NOTAM се издава кога следниве информации се од директно оперативно значење:

1. Воспоставување, затворање или значителни измени во операциите на аеродромот или полетно/слетната патека (ПСП).
2. Воспоставување, повлекување и значителни измени во операциите на воздухопловните служби (AGA, AIS, ATS, MET, SAR, COM).
3. Воспоставување, повлекување или замена на електронските или други средства за воздухопловна навигација. Ова вклучува прекин или повторно враќање во работа-воспоставување на работен режим, измена на фреквенциите, измена на објавеното работно време на навигационите средства, измени во идентификацијата и ориентацијата на средствата за насочување, измена на локацијата, зголемување или намалување на енергијата за 50% или повеќе, измена во распоредот или содржината на емитувањето или нерегуларности и недоверливости на работата на било кое електронско средство за воздухопловна навигација и комуникација воздух -земја.
4. Воспоставување, повлекување или значителни измени на визуелните средства.
5. Прекин или реоперативност на главните компоненти на аеродромските системи за осветлување.
6. Воспоставување, повлекување или значајни измени на процедурите во воздушниот сообраќај.
7. Појава или поправка на поголеми дефекти или попречувања на маневарските површини.
8. Измени или ограничувања во достапноста на горивото, маслото или кислородот.
9. Поголеми измени во средствата за пребарување и спасување и расположливите служби.
10. Воспоставување, повлекување или реоперативност на светлата за опасност кои што ги означуваат позначајните препреки.
11. Измени во регулативите кои што бараат итно дејствување (SAR акции во забранетите зони).
12. Присутност на ризици кои влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај (вклучувајќи препреки, воени вежби, паради, трки, поголеми падобрански настани надвор од објавените места).
13. Подигнување, отстранување или измена на значајни препреки во областа на: полетување, Missed Approach, приод и основна патека (ОП).
14. Воспоставување или прекин (вклучувајќи активација или деактивација) или измени во статусот на забранетите, ограничени или опасни зони.
15. Воспоставување или прекин на областите или рутите или нивните делови каде што постои можност за пресретнување и каде што непрекинато слушање на VHF emergency фреквенцијата 121,5 MHz е задолжителна.
16. Доделување, откажување или измена на локациските индикатори.

17. Значајни измени во нивото на заштита која е нормално достапна на еден аеродром за спасувачки и противпожарни цели и тоа само во случај на измена на категоријата на заштита.
18. Присутност или отстранување или значајни измени на ризичните ситуации кои се должат на снег, лапавица, мраз или вода во зоната за движење. Се претпочита таквите состојби да се објавуваат со SNOWTAM или со NOTAM код и отворен текст.
19. Појава на епидемии кои што бараат измени во објавените барања за изолација и карантински мерки.
20. Предвидување на сончево космичко зрачење.
21. Појава на преерупциска вулканска активност, место, датум и време на вулканските ерупции како и појава , густина и големина на вулканскиот облак вклучувајќи ја насоката на движењето, нивото на летот како и рутите и делови од рутите кои што можат да бидат афектирани.
22. Испуштање на радиоактивни материи во атмосферата или хемиски токсични материи после некој нуклеарен или хемиски инцидент, местото, датумот и времето на инцидентот, нивоата на летот и рутите или деловите од рутите кои што можат да бидат афектирани како и насоката на движењето.

## 5.0 ФОРМАТ НА ИЗДАВАЊЕ НА NOTAM

Информацијата која ќе се објави треба да биде ограничена само на основните податоци и да ги вклучува следните ставки:

а) Уредот или услугата на која се однесува измената или би настанала измена
б) Природата на измената
в) ГМТ време и датум на настанатата измена или појава на измена
г) ГМТ време и датум кога измената ќе се врати во нормала (во првобитната состојба)
д) Координати и радиус на местото на активноста (местоположбата)

## 6.0 Имиња и улоги на персоналот кој е одговорен за известување за промените, нивни телефонски броеви за време и надвор од работното време на аеродромот

Операторот на аеродромот за сите промени и отстапувања од информациите дадени во Зборникот на воздухопловни податоци (AIP), кои ќе настанат во текот на работното време веднаш ја известува Агенцијата за цивилно воздухопловство АЦВ со NOTAM-и издадени од секторските директори на аеродромот, а вон работното време преку дежурниот раководител duty manager.

## 7.0 Адреси и телефонски броеви, обезбедени од АЦВ на местото каде промените треба да бидат доставени

Служба за воздухопловни информации - „Меѓународно NOTAM биро“ (NOF)

| | |
|---|---|
| Адреса: | П.Ф. 9, 1043 Петровец, Република Македонија |
| Тел: | ++389 2 3148 127 / 3148 154 |
| Факс: | ++ 389 2 3112 026 |
| AFTN: | LWSKYNYX |
| SITA: | SKPAPYF |

**Прилог 1**

# APPENDIX 6. NOTAM FORMAT

*(see Chapter 5, 5.2.1)*

| | |
|---|---|
| Priority indicator | → |
| Address | |
| | |
| | |
| | ≪≡ |
| Date and time of filing | → |
| Originator's indicator | ≪≡( |
| **Message Series, Number and Identifier** | |
| NOTAM containing new information | ........................ NOTAMN (series and number/year) |
| NOTAM replacing a previous NOTAM | ........................ NOTAMR........................ (series and number/year) (series and number/year of NOTAM to be replaced) |
| NOTAM cancelling a previous NOTAM | ........................ NOTAMC........................ (series and number/year) (series and number/year of NOTAM to be cancelled) ≪≡ |
| **Qualifiers** | |
| FIR / NOTAM Code / Traffic / Purpose / Scope / Lower Limit / Upper Limit / Coordinates, Radius | |
| Q) \| \| \| \| / Q \| \| \| \| / \| / \| / \| / \| \| / \| \| / | ≪≡ |
| Identification of ICAO location indicator in which the facility, airspace or condition reported on is located | A) → |
| **Period of Validity** | |
| From *(date-time group)* | B) → |
| To *(PERM or date-time group)* | C) EST* PERM* ≪≡ |
| Time Schedule *(if applicable)* | D) → |
| | ≪≡ |
| **Text of NOTAM; Plain-language Entry (using ICAO Abbreviations)** | |
| E) | ≪≡ |
| Lower Limit | F) → |
| Upper Limit | G) )≪≡ |
| Signature | |

*Delete as appropriate

**Прилог 2**

4 ноември 2015 — Службен весник на Република Македонија — Бр. 191 - Стр. 23

Образец бр. 2

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА ОПЕРАТИВНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ – SNOWTAM

*(Пополнува дежурен во АКЛ)*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (COM натпис) | (индикатор за приоритет) | (Адреси) | | |
| | (датум и време на пополнување) ____.____. 20____ година, ____ (UTC) | (индикатор на оригинаторот) | | |
| (скратен натпис) | (SWAA сериски број) S \| W \| * \| * \| \| \| \| | (индикатор на локација) \| \| \| | (датум и време на набљудување) \| \| \| \| \| \| \| | (алт. група) \| \| |

*(Пополнува дежурен во операторот на аеродромот)*

**SNOWTAM (сериски) број** ____________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ознака на аеродромот | **A** | | | |
| Дата и време на прегледот *(месец/ден/час/минута во UTC)* | **B** | ____/____/____/____ (UTC) | | |
| Ознака на ПСП *(помал/поголем број)* | **C** | | | |
| Должина на исчистена ПСП *(во метри, доколку е помала од објавената должина)* | **D** | | | |
| Широчина на исчистена ПСП *(во метри, доколку е помала од објавената) (ако исчистениот дел е поместен лево или десно од ц/л означи L,R гледано од прагот со помал број)* | **E** | | | |
| Наслаги на ПСП по третини: *(гледано од прагот со помала ознака)* | | 1/3 | 2/3 | 3/3 |
| NIL – чисто и суво<br>1. – влажно<br>2. – мокро<br>3. – иње или слана *(испод 1мм)*<br>4. – сув снег<br>5. – мокар снег<br>6. – лапавица *(кашест снег)*<br>7. – мраз<br>8. – набиен снег<br>9. – замрзнати бразди и гребени | **F** | | | |
| Средна дебелина на талогот: *(во мм, по третини на ПСП, гледано од прагот со помала ознака)* | **G** | | | |
| Проценет коефициент на кочење *(по третини на ПСП гледано од прагот со помал број):*<br>- добро 5<br>- средно до добро 4<br>- средно 3<br>- средно до лошо 2<br>- лошо 1 | **H** | ____ | ____ | ____ |
| Критични наслаги (соспи) на снег *(висина во цм/оддалеченост од ивица на ПСП во м – лево (L) десно (R) или LR)* | **J** | | | |
| Светла на ПСП *(ако се нејасни – YES пропратено со L,R или LR)* | **K** | | | |
| Наредно чистење *(ако се планира - за цела ПСП – TOTAL или планирана должина/широчина)* | **L** | ____/____/____ | | |
| Наредното чистење се очекува да заврши до | **M** | ____ (UTC) | | |
| Патеки за возење *(ознака од колона F за состојбата, доколку се неупотребливи – NO, со ознака на патеката)* | **N** | | | |
| Снежен нанос (соспи) на патеки за возење *(ако е повисок од 60цм – YES, пропратено со должината)* | **P** | | | |
| Пристанишна платформа (ако е неупотреблива - NO) | **R** | | | |
| Наредно планирано набљудување или мерење *(месец/ден/час во UTC)* | **S** | | | |
| Описни забелешки *(опис на неисчистена ПСП, опис на контаминант на ПСП по третини, опис на уред за мерење на коефициент за кочење, и сл. оперативни забелешки)* | **T** | | | |

*Примил, М-НАВ:* ____________, *време:* ______

*Примил, диспечер:* ________, *време:* ______

*Прегледот го извршил:*

______________________

Прилог 3

# APPENDIX 3. ASHTAM FORMAT

*(see Chapter 5, 5.2.4)*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (COM heading) | (PRIORITY INDICATOR) | (ADDRESSEE INDICATOR(S))[1] | | |
| | (DATE AND TIME OF FILING) | (ORIGINATOR'S INDICATOR) | | |
| (Abbreviated heading) | (VA*[2] SERIAL NUMBER) | (LOCATION INDICATOR) | DATE/TIME OF ISSUANCE | (OPTIONAL GROUP) |
| | V A *2 *2 | | | |

| ASHTAM | (SERIAL NUMBER) |
|---|---|

| | |
|---|---|
| (FLIGHT INFORMATION REGION AFFECTED) | A) |
| (DATE/TIME (UTC) OF ERUPTION) | B) |
| (VOLCANO NAME AND NUMBER) | C) |
| (VOLCANO LATITUDE/LONGITUDE OR VOLCANO RADIAL AND DISTANCE FROM NAVAID) | D) |
| (VOLCANO LEVEL OF ALERT COLOUR CODE, INCLUDING ANY PRIOR LEVEL OF ALERT COLOUR CODE)[3] | E) |
| (EXISTENCE AND HORIZONTAL/VERTICAL EXTENT OF VOLCANIC ASH CLOUD)[4] | F) |
| (DIRECTION OF MOVEMENT OF ASH CLOUD)[4] | G) |
| (AIR ROUTES OR PORTIONS OF AIR ROUTES AND FLIGHT LEVELS AFFECTED) | H) |
| (CLOSURE OF AIRSPACE AND/OR AIR ROUTES OR PORTIONS OF AIR ROUTES, AND ALTERNATIVE AIR ROUTES AVAILABLE) | I) |
| (SOURCE OF INFORMATION) | J) |
| (PLAIN-LANGUAGE REMARKS) | K) |

*NOTES:*

1. See also Appendix 5 regarding addressee indicators used in predetermined distribution systems.
2. *Enter ICAO nationality letter as given in ICAO Doc 7910, Part 2.
3. See paragraph 3.5 below.
4. Advice on the existence, extent and movement of volcanic ash cloud G) and H) may be obtained from the Volcanic Ash Advisory Centre(s) responsible for the FIR concerned.
5. Item titles in brackets ( ) not to be transmitted.

SIGNATURE OF ORIGINATOR *(not for transmission)*



-крај -